РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-547/3
12-06-2025 r/v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-3212/1 од 26.12.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што посоченото службено лице повеќе не е носител на јавната функција заменик директор на ///.

Предметот со број 12-3212/1 од 26.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3212/1 од 26.12.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Наводите од пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски стекнати дипломи, уверенија, потврди и сертификати од страна на службено лице ///, тогаш заменик директор на ///.

Со цел проверка на наводите во пријавата, ДКСК се обрати до горе наведеното јавно претпријатие од каде што ги побара сите дипломи, уверенија, потврди и сертификати од персоналното досие на споменатото службено лице.

Врз основа на доставеното од јавното претпријатие, ДКСК утврди дека посоченото службено лице се стекнало со Уверение за положени испити од прв

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

циклус на ///, студиска програма ///, насока ///, /// и /// при /// високообразовна установа ///, заведено под бр. /// од /// година. Врз основа на ова уверение, посоченото службено лице се здобило со Диплома за стекнато академско звање дипломиран ///, издадена од истата /// високообразовна установа, за досие бр. ///, издадена на /// година.

Од горе споменатото јавно претпријатие, по Барањето на ДКСК, покрај останатото, доставени се и:

- Уверение за државјанство бр. /// од /// година во ///, со кое се докажува дека посоченото службено лице има државјанство македонско / граѓанин на Република Северна Македонија;
- Уверение на Основен суд /// бр. /// од /// година, според кое на посоченото службено лице не му е изречена правосилна судска одлука забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Потврда за казнена евиденција на претходно споменатиот основен суд бр. /// од /// година, според која за посоченото службено лице не евидентираат изречени правосилни осудителни пресуди; и
- Уверение од кривична евиденција на истиот претходно споменат основен суд бр. /// од /// година, според кое за посоченото службено лице не постојат податоци дека против истото има подигнато обвинителен акт и е изречена неправосилна осудителна пресуда.

Постапувајќи по предметот, ДКСК по службена должност изврши увид во веб страницата на горе споменатото јавно претпријатие www.makedonijapat.com.mk, при што утврди дека посоченото службено лице повеќе не ја извршува функцијата заменик директор на истото. Имено, со увидот во Одлуката на управниот одбор на јавното претпријатие бр. /// од /// година, произлезе дека посоченото службеното лице во пријавата било именувано за вд директор, за период од /// месеци сметано од /// година. Неговиот мандат завршил на /// и функцијата заменик директор на споменатото јавно претпријатие ја извршува друго службено лице. Следствено, ДКСК оцени дека нема основи за натамошно постапување по овој предметен случај од причина што фактичката состојба е променета.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК